# Концентрација на неразградливи честички во период 31.12.2013 - 16.01.2014




Според податоци од Министерство за животна средина
на територија на Општина Центар

## Структура на формирање на цени на горива

Што е сé опфатено во цената од 77,50 ден./литар бензин?

- 0,08 денар за заштита на животна средина
- 0,89 денар за задолжителни резерви на нафта
- 21,81 денари за акциза
- 3,20 денари за трошок на промет
- 12,32 денари данок

Повеќе од **38 денари** од литар гориво касира државата.

Производствена цена на горивото изнесува **39,19** денари.

Цени во периодот на анализата на Automedia.mk во јануари 2014

## Годишно по 38.000 денари од секој возач

При просек од **10.000** километри годишно
и
претпоставена потрошувачка на гориво
од **10 l/100 km**

секој возач на државата ѝ плаќа годишно по **38.000** денари
од цената на горивото.

За возен парк од околу 300.000 возила
буџетот се полни со
преку **11 милијарди денари** или
околу **185 милиони евра** годишно.

# Близу 180.000 моторни возила увезени од 2009 до 2014 година



# Потрошувачката на горива зголемена за 30 милиони тони



## Најголемата автомобилска револуција во историјата?

Драстично опаднати цени на користени возила во ЕУ поради високите давачки при регистрација за возила со висока емисија на $CO_2$

Престижна лимузина Mercedes E 270 CDI со 197 КС, прва регистрација во 2004 година и „оригинални“ 200.000 километри

чини исто колку

градски автомобил Opel Corsa 1.2 со 75 КС, прва регистрација во 2002 година и помалку од 100.000 изминати километри

Каква логика има тоа?

# Зошто помалите и еколошки коректни возила чинат исто колку голема лимузина?

Во вистинската вредност на возилата не влегува само продажната цена, туку и висината на трошоците за регистрација

Пример од германскиот пазар:

За секои 100 $cm^3$ работна зафатнина за бензински мотори се плаќаат по 2 евра, за дизелски мотори 9 евра.

На примерот на Opel Corsa и Mercedes од класата E, тоа значи 24 евра за помалиот и 190 евра за поголемиот автомобил на име трошоци за регистрација.

Дополнително при регистрација се плаќа и такса за CO2 во висина од 2 евра за секој грам емисија на CO2 на возилото. Соодносот меѓу двата модела на крајот е 332, наспроти 605 евра.

# Регистрација на СУВ со преку 200 КС во Франција чини 7.000 евра

При прва регистрација на возило во Франција се плаќа „малус“, односно казна за возилата со висока емисија на $CO_2$.

За возило со емисија на $CO_2$ над 200 g/km, малусот изнесува 6.000 евра!

Дополнително се плаќа еколошка такса за возила со емисија на $CO_2$ над 190 g/km во висина од 190 евра годишно.

На крајот следува и регионален данок, којшто се пресметува според фискалната моќност, помножено со фактор на емисија на $CO_2$.

Зависно од регионот, овој данок се движи меѓу 27 и 51,20 евра за секоја фискална КС.

Годишна регистрација чини повеќе отколку што вреди возилото!

# Годишна просечна концентрација на ПМ10 во светските метрополи

| **Град, држава** | **g/m³** | **Год.** |
|---|---|---|
| Њујорк, САД | 21 | 2009 |
| Торонто, Канада | 21 | 2008 |
| Токио, Јапонија | 23 | 2009 |
| Амстердам, Холандија | 24 | 2008 |
| Мадрид, Шпанија | 26 | 2008 |
| Берлин, Германија | 26 | 2008 |
| Лондон, В. Британија | 29 | 2008 |
| Москва, Русија | 33 | 2009 |
| Париз, Франција | 38 | 2008 |
| **Скопје, Македонија** | **80** | **2008** |
| Шангај, Кина | 81 | 2009 |
| Техеран, Иран | 96 | 2009 |
| Абу Даби, ОАЕ | 117 | 2008 |
| Бомбај, Индија | 132 | 2008 |